РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
р. 03-997/1
26.10 2023 год
КРИВОГАШТАНИ

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и член 58-б од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен Гласник на Општина Кривогаштани бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Градоначалникот на Општина Кривогаштани објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор, составен од членови кои ги исполнуваат условите да членуваат во собранието на млади;

Иницијативниот одбор со решение го формира Градоначалникот на општина Кривогаштани;

Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во формирањето на Локалното собрание на млади. Иницијативниот одбор е составен од најмногу пет члена.

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивната седница на локалното собрание на млади и по успешно одржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади истиот се распушта.

Иницијатививниот одбор ги поканува избраните делегати на локалното Собрание на млади на конситутивна седница со која заседава Иницијативниот одбор заедно со вработени лица во Општина Кривогаштани.

Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

- Поддршка на Општина Кривогаштани во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот младински совет,
- Распишување повик за Локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општина Кривогаштани по принципот на јавност и транспарентност,
- Соработка со Општина Кривогаштани при организација и одржување на конститутивната седница на Локалното собрание за млади.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик право на учество имаат претставници на: младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Кривогаштани.

Организациите мора да имаат активности на подрачјето на Општина Кривогаштани без разлика каде се регистрирани.

Критериуми кои треба да ги исполнуваат членовите во иницијативниот одбор:

- **Да се жители на општина Кривогаштани;**
- **Да бидат на возраст од 15-29 години;**
- **Да се креативни и способни за индивидуална и тимска работа и да поседуваат искуство во областа: работа со млади и младински организации;**
- **Да имаат интерес за унапредување на локални младински политики;**
- **Да имаат интерес за развој на младинското здружување на локално ниво;**

## III. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши во општинските просториите во писмена форма или електронски на следната емаил адреса: opstina_krivogastani@yahoo.com

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи:

- **Пријава за номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации** (Прилог бр.1)
- **Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице** (Прилог бр.2)
- **Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата** (Прилог бр.3)
- **Кратка биографија CV (во која задолжително ќе бидат наведени активностите во областа: работа со млади и младински организации);**

Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот на Јавниот повик.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

**Јавниот повик трае 10 дена од 26.10.2023 година до 04.11.2023 година**

## IV. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЈАВНИОТ ПОВИК

Учесниците на Јавниот повик за резултатите ќе бидат известени по донесување на Решение од Градоначаланикот на Општина Кривогаштани.

Резултатите од Јавниот повик ќе бидат објавени на веб страната на Општина Кривогаштани (www.krivogastani.gov.mk).

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел. **078 308 964**

**Градоначалник на**
**Општина Кривогаштани**
**Николче Мискоски**